Уп. Бр.08-1/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В., со регистрирано седиште на Де ентрее 91, 1101BH, Амстердам, Холандија, преку Андреа Лазаревска, Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 31.01.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на единствена контрола од страна на Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В., со регистрирано седиште на Де ентрее 91, 1101BH, Амстердам, Холандија над 4 ЛИФЕ ДИРЕЦТ СП. З О.О. друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на Ул. Хамиелна, бр. 132/134, поштенски код 00-805, Варшава, Полска, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 03.01.2024 година, а дополнето на 16.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В., со регистрирано седиште на Де ентрее 91, 1101ВН, Амстердам, Холандија,, со која Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В. ќе стекне единствена контрола над 4 ЛИФЕ ДИРЕЦТ СП. З О.О. друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на Ул. Хамиелна, бр. 132/134, поштенски код 00-805, Варшава, Полска (во понатамошниот текст: 4 ЛИФЕ).

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В.** е дел од Групацијата Генерали, мултинационална групација на осигурителни компании присутна во повеќе од 60 земји, активна во осигурителниот и финансискиот сектор ("Групација Генерали"). Групацијата Генерали моментално работи првенствено во Западна Европа и во главните земји од Централна и Источна Европа. Надвор од ЕУ, таа е активна и во Швајцарија, Бразил и Аргентина, Кина и одредени земји на Далечниот Исток. Групацијата Генерали обезбедува целосен опсег на осигурителни услуги и сродни услуги поделени во три главни деловни сегменти – осигурување на имот и несреќи, осигурување на компании и животно осигурување. Покрај тоа, Групацијата Генерали, меѓу другото, е активна и во управувањето со доброволните пензиски фондови, како и во управувањето со средства.

Групацијата Генерали има едно претпријатие-ќерка во Република Северна Македонија:

- Друштвото Генерали Инвестментс АД Скопје со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14-А-1/2, Скопје, кое има активности во Република Северна Македонија во секторот за управување со средства[1].

[1] Комисијата за заштита на конкуренцијата на ден 21.12.2023 година со решение бр.08-169 ја одобри концентрацијата со која НЛБ Склади, управување со средства, д.о.о. , Тиволска цеста 48, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне самостојна контрола директно над Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, бул. Партизански Одреди бр. 14А/1-2, 1000 Скопје, Северна Македонија.

**4 ЛИФЕ** главно е активно како посредник во продажбата на полисите за животно осигурување, но има и мало портфолио на неживотно осигурување.
Друштвото 4 Лифе не е активно, ниту генерира промет во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**